Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

## Извадок на дел од дневни настани 11.04.2021

На 10.04.2021 во 17.50 часот на подрачјето на Центар полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Е.О.А.(24) од Р.Турција и И.Б.(19) од Скопје, бидејќи при преглед кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 10.04.2021 на делницата Скопје - Охрид - Свети Наум беше спроведена засилена акциска контрола за санкционирање на возачите што управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, санкционирани се 330 возачи за брзо возење, од кои 21 возеле со дури 70 километри на час над дозволената брзина, а 124 со брзина од над 50 километри на час повеќе дозволеното.

На 10.04.2021 во периодот од 09.00 до 16.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за откривање на возачи кои се движат со брзина поголема од дозволената надвор од населено место. Утврдени се 173 прекршувања кои се санкционирани со соодветни поднесоци.

На 10.04.2021 во 19.50 часот во СВР Скопје, А.С.(27) од Скопје пријавила дека на ул. „Александар Урдаревски" била касната од куче скинтик.

Полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Куманово во текот на 10.04.2021 спроведоа засилена акциска контрола за санкционирање на возачите што управуваат возила со брзина поголема од дозволената на територијата на Куманово. Притоа, санкционирани се 63 возачи за брзо возење. При контролата откриени се и законски санкционирани и пет останати прекршоци.

На 11.04.2021 околу 06.00 часот од страна на полициски службеници од Полициска станица за Граничен надзор Михајлово, кај клучка Неготино, бил лишен од слобода е Н.З.(44) од Скопје, кој управувал моторно возило „ауди", со скопски регистарски ознаки, бидејќи превезувал 10 мигранти од Авганистан и Пакистан. Притоа, тој физички нападнал полициски службеник кој вршел службени дејства. За случајот е известен Јавен обвинител, а Н.З. е приведен во Полициска станица Неготино и по документирање на случајот против него ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 10.04.2021 во СВР Скопје било пријавено дека околу 14.00 на подрачјето на Центар, Г.А.(47) од Скопје бил физички нападнат од А.Д.(54) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава против Л.К.(47) од с.Ваташа, кавадаречко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 12.05.2020, при извршен претрес во дом и помошни простории во Кавадарци кај Л.К., како и во просториите на правно лице, сопственост на неговиот син, биле пронајдени и одземени кокаин и две дигитални ваги.

На 10.04.2021 во 11.07 часот во Полициска станица Ѓорче Петров од Итна медицинска помош било пријавено дека во близина на фирма во скопската населба Стопански двор, при вршење на градежни работи на објект се повредил С.Д.(63) од с.Инџиково, скопско. Повредениот е пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје, а известен е и Трудов инспектор.

СВР Велес поднесе кривична пријава против М.П.(30), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 02.07.2020 во Велес, полициски службеници, со судска наредба, извршиле претрес во куќата во која престојувала М.П., при што пронашле и одзеле марихуана, дигитална вага и поголема количина пари, во разни валути и апоени.

На 10.04.2021 околу 19.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Ѓорче Петров, поради меѓусебно недоразбирање, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу З.С.(44) и Т.М.(39), двајцата од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.11 од ЗППЈРМ.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против правно лице - угостителски објект од с.Миравци, гевгелиско и Н.З.(28) од с.Миравци, управител во правното лице, поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". При заедничка инспекциска контрола извршена на 20.09.2020 во 01.00 часот било констатирано дека објектот работи без да ги почитува здравствените протоколи.

На 10.04.2021 во 16.30 часот во СВР Куманово, Б.С.(46) од с.Агино село, кумановско, пријавил дека при вршење земјоделски работи на негова нива во место викано „Прогон", во атар на Агино село, пронашол две стари неексплодирани артилериски гранати 75 мм од Втората светска војна. Увид извршила увидна екипа од СВР Куманово, а гранатите се безбедно подигнати од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување и предадени за понатамошна постапка.

ОВР Кавадарци поднесе две кривични пријави против А.В.(22) и Р.Ј.(20), двајцата од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 03/04.04.2021, во временскиот период од 23.00 до 02.00 часот, пријавените во засебни викенд куќи лоцирани на Тиквешкото езеро, во место викано „Брушани", организирале забава со гости во група поголема од дозволеното, во временски период кога има забрана за организирање и групирање на поголема група на лица, согласно донесената владина одлука за заштита од ковид-19.

На 10.04.2021 во 18.40 часот во СВР Тетово, Н.Д.(39) од Тетово пријавил дека во близина на такси компанија во Тетово, по претходна расправија, бил физички нападнат од З.Н. и уште едно лице.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Б.М.(23), А.М.(28) и А.Н.(58), сите од с.Синичане, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 31.03.2021 во 22.20 часот на крстосницата од магистралниот пат Охрид - Кичево и регионалниот пат во Кичево, пријавените се движеле со патничко возило „мерцедес", без да поседуваат дозволи за движење за време на целосна забрана за движење на населението во периодот од 22.00 до 05.00 часот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Т.А.(42) од с.Камењане, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пренесување заразна болест". И покрај тоа што му било издадено решение од Државен санитарен и здравствен инспекторат за изолација, пријавениот не ги почитувал мерките од решението.

На 11.04.2021 во 01.30 часот во Полициска станица Драчево, Ж.А.(60) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечила неговата мајка Р.З.(87) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против правно лице - угостителски објект од с.Желино, тетовско и А.А.(30) од с.Боговиње, тетовско, како одговорно лице во објектот, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 31.12.2020 околу 23.00 часот, при извршена контрола од страна на полициски службеници од Полициското одделение Жеровјане, било констатирано дека угостителскиот објект работел по пропишаното време и во него биле затекнати тројца гости.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет